Врз основа на членовите 203 и 218, став (1) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20 и 151/21), член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/08 и 85/09) и член 122 од Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/06, 156/07, 17/09, 88/09, 60/10, 33/11, 5/13, 172/14, 118/15, 3/16, 75/16, 80/18, 31/19, 32/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 196/19, 219/19, 1/20 и 32/20), Министерството за здравство претставувано од министерот д-р Венко Филипче и репрезентативниот Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија претставуван од претседателот д-р Љубиша Каранфиловски, на ден 30 јули 2021 година склучија

# АНЕКС
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Во Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/06, 156/07, 17/09, 88/09, 60/10, 33/11, 5/13, 172/14, 118/15, 3/16, 75/16, 80/18, 31/19, 32/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 196/19 и 219/19, 1/20 и 32/20), во членот 61 - Подгрупа VII/2-б (вработени во ЈЗУ здравствени домови, центри за јавно здравје и Институт за јавно здравје), во алинеја 2 зборовите: „специјалист по санитарна хемија" се заменуваат со зборовите: „здравствени соработници со завршена специјализација од областа на медицината, стоматологијата или фармацијата".

- Во Подгрупа VII/2-б (вработени во ЈЗУ општа болница, специјаизирани болници, клинички болници и универзитетски клиники) по алинеата 7 се додава нова алинеа 8 која гласи: „здравствени соработници со завршена специјализација од областа на медицината, стоматологијата или фармацијата" со коефициент „4,299".

## Член 2

Во член 68 став 2 по зборовите: „180 ЕКТС" се додаваат зборовите: „или со високо стручно образование специјализирани во струката со 180+60 ЕКТС", а на крајот од реченицата по зборот „образование" се додаваат зборовите: „со 180 ЕКТС или со високо стручно образование специјализиран во струката со 180+60 ЕКТС".

## Член 3

Во член 68-а по зборовите: „180 ЕКТС" се додаваат зборовите: „и на здравствените работници што се стекнале со високо стручно образование специјализирани во струката со 180+60 ЕКТС", а датата: „30.11.2015" се заменува со „31.07.2021"

## Член 4

Во член 73-а, во став 2, бројот „3,400" се заменува со бројот „3,600", а бројот „3,250" се заменува со бројот „3,450".

**Член 5**

Овој Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со исплата на платата за месец септември 2021 година.

Самостоен синдикат за здравство,
фармација и социјална заштита
на Република Македонија
Претседател,
д-р **Љубиша Каранфиловски,** с.р.

Бр. 0201-68/1
30 јули 2021 година
Скопје

Министерство за
здравство
Министер,
д-р **Венко Филпче,** с.р.

Бр. 17-5996/1
30 јули 2021 година
Скопје